ЛОКАЛНО (HTTPS://IPORTAL.MK/KATEGORIJA/LOKALNO/)



# Кривична за пензионерка од Крива Паланка, дома чувала „манлихерка“

20 септември , 2019

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Д.Ц.(67) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи”.

На 25.01.2019 на ул.„Свети Јоаким Осоговски” во Крива Паланка, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавената, при што пронашле и одзеле пушка „STEYR M95" калибар 8 мм. Исто така, во с. Дурачка река, кривопаланечко, при претрес во куќа на пријавената, биле пронајдени и одземени 15 куршуми калибар 8X56R, осум куршуми калибар 8X50,5R (Steyr), четири куршуми калибар 7.9 мм, два куршуми калибар 8X57JS и ловен патрон калибар 12, кои ги поседувала без дозвола.

**Сподели ја веста:**

(https://www.facebook.com/sharer/sharer.php?u=https://iportal.mk/lokalno/krivichna-za-penzionerka-od-kriva-palanka-doma-chuvala-manliherka/)

text=%D0%9A%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%B8%D1%87%D0%BD%D0%B0+%D0%B7%D0%B0+%D0%BF%D0%B5%D0%BD%D0%B7%D0%9

(https://plus.google.com/share?url=https://iportal.mk/lokalno/krivichna-za-penzionerka-od-kriva-palanka-doma-chuvala-manliherka/)